Друштво за ревизија, проценка, вештачење и финансиски консалтинг
**ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО Радовиш**
ул. Коста Сусинов бр.22 Радовиш
тел. ++389 (32) 633-632;
тел.моб. ++389 (72)208-072,
e-mail: idejaplusrevizija@yahoo.com
webpage: www.idejaplus.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО Радовиш ЗА 2023 година

Согласно Законот за ревизија, друштвото за ревизија ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО Радовиш во натамошниот текст Друштвото, го објавува Извештајот за транспарентност за 2023 година кој содржи:

1. Опис на правната структура и сопственост на друштвото;
2. Опис на професионална мрежа и правните и стрктурните ангажмани во мрежата каде што припаѓа;
3. Опис на управувачката структура на друштвото;
4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем;
5. Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитет на ревизорот согласно Законот за ревизија;
6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година;
7. Изјава за независното рзботење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени;
8. Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во претходната година;
9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци расчленет на четири категории од услуги на ревизија, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги;
10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

## 1. ОПИС НА ПРАВНАТА СТРУКТУРА И СОПСТВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО

Друштвото за ревизија проценка и вештачење ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО Радовиш е основано и запишано во трговскиот регистар на 16.01.2006 година како друштво со ограничена одговорност согласно Законот за трговските друштва со ЕМБС 6064639. До 2010 година, работи како Друштво за финансиски консалтинг и врши книговодствени услуги, проценки, вештачења, изработка на деловни планови, инвестициони програми и физибилити студии, подготвува апликации за програмата за рурален развој и ИПАРД програмата, организира и одржува семинари - обуки и предавања за ажурирање на базата на податоци за локални даноци и такси, семинари за почитување и примена на законската регулатива во Р. Северна Македонија при водење на мали бизниси, Семинар за новини во законот за безготовински плаќања и концептот на бруто плати, врши уписи на основање и промени во трговскиот регистар и др..

Во Јануари 2011 година Друштвото ги исполни условите за вршење на ревизија и доби Решение за издавање на дозвола за работа за вршење на работи на ревизија бр. 12-1874/2 од 08.02.2011 година, издадено од Министерот за финансии.

За врешење на својата дејност, односно вршење на работи на ревизијата, ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО Радовиш има добиено Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата, со регистарски број 24 од 27.12.2013 година. Друштвото е заведено под број ДР028 во регистарот на друштва за ревизија при Институтот за овластени ревизори на Република Северна Македонија

Со состојба на 31.12.2023 година друштвото има вработено вкупно 4 лица, од кои 2 на неопределено полно работно време и 2 лице на неопределено помалку од полно работно време.

Со состојба на 31.03.2023 година друштвото има вработено вкупно 4 лица, од кои 2 на неопределено полно работно време и 2 лице на неопределено помалку од полно работно време.

Друштвото за ревизија ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО Радовиш има основна главнина во износ од 305.000 денари и е во сопственост на две физички лица и тоа:

- Професор д-р Јанка Димитрова - овластен ревизор, со главнина во износ од 228.700 денари или 74,98%;

- Драги Димитров - со главнина во износ од 76.300 денари или 25,02%.

Друштвото е регистрирано со главна приходна шифра 69.20 - сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Друштвото нема регистрирано подружници во земјата и во странство, ниту пак е сопственик во други друштва во земјата и во странство.

Друштвото има годишно осигурување од одговорност согласно Законот за ревизија според полиса број LIB0567552 со минимална сума на покривање од 400.000 ЕУР по штетен настан за период од 30.01.2024 до 30.01.2025 година.

**2. ОПИС НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА МРЕЖА И ПРАВНИТЕ И СТРУКТУРНИТЕ АНГАЖМАНИ ВО МРЕЖАТА КАДЕ ШТО ПРИПАЃА**

Друштвото делува како локално друштво за ревизија на територијата на Република Северна Македонија, со цел давање услуги на комитентите кои делуваат на пазарот во Република Северна Македонија.

**3. ОПИС НА УПРАВУВАЧКАТА СТРУКТУРА НАДРУШТВОТО**

Согласно Законот за трговските друштва ("Службен весник на РМ", број 28/04...61/16) и договорот за основање на друштвото, управувачката структура на друштвото е следната:

- Собир на содружници кој се состои од сите содружници погоре наведени и
- управител на друштвото е Професор д-р Јанка Димитрова - овластен ревизор, еден од содружинците, избран со одлука на Собирот на содружници.

**4. ОПИС НА ВНАТРЕШНИОТ СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ДРУШТВОТО И ИЗЈАВА ОД ОВЛАСТЕНИОТ НАДЛЕЖЕН ОРГАН НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ОВОЈ СИСТЕМ**

Политиките и постапките за контрола на квалитетот на работата во друштвото се донесени и усвоени врз основа на барањата на Законот за ревизија, како и барањата на прифатените и објавени Меѓународни стандарди за Ревизија (МСР) кои се прифатени како национални стандарди за ревизија во Република Северна Македонија.

Политиките и постапките за контрола на квалитетот се носат врз основа на барањата на МСР 220 (ревидиран) Контрола на квалитетот на ревизорската работа и МСКК 1 Контрола на квалитетот за фирми кои вршат ревизии и проверки на историски финансиски информации и други ангажмани за уверување и поврзани услуги. Контролата на квалитетот на ревизорската работа се имплементира како на ниво на друштвото, така и на секоја поединечна ревизија.

Системот на контрола на квалитетот вклучува политики и процедури кои ги дефинираат следните елементи:

а. Одговорност на раководните лица за квалитет во рамките на Друштвото;

б. Етички барања;

в. Прифаќање и продолжување на односот со клиентот и специфични ангажмани;

г. Човечки ресурси;

д. Извршување на ангажмани;

ѓ. Следење.

а. Одговорноста на раководните лица за квалитет се воспоставува на тој начин што при извршување на работите, раководните лица се придржуваат кон професионалните стандарди и законските барања и издаваат извештаи кои се соодветни на околностите.

б. Етичките барања кои се однесуваат на ревизиите и проверките на финансиските информации се воспоставуваат преку придржување на основните принципи на професионалната етика и тоа: интегритет, објективност, професионална компетентност, доверливост и професионално однесување.

в. При прифаќањето и продолжувањето на односите со клиентите, Друштвото ги превзема следниве активности:

- ги разгледува потребните компетенеции, способности и ресурси потребни за спроверување на ангажманот

- го разгледува интегритетот на клиентот и не прифаќа ангажман доколку заклучи дека на клиентот му недостасува интегритет.

- при извршување на ревизијата може да ги применува етичките барања

г. Планирањето на човечките ресурси опфаќа активности со кои Друштвото анализира дали има достатно персонал со способност, компетентност и посветеност на етичките принципи неопходни за извршување на ангажманот. Тие активности се насочени кон регрутирање, оценка на работењето, способноста, компетентноста, развој на кариерата, унапредување, надоместок и проценка на потребите на персоналот. При назначување на одговорниот ревизор и членовите на тимот за секој ангажман, како и при назначување на експерти, раководните лица ги земаат во предвид компенетенциите, способностите и ресурсите потребни за спроверување на ангажманот и етичките барања,

д. Ангажманите се извршуваат во согласност со професионалните стандарди и регулаторните и законските барања, а извештаите се соодветни на околностите. Преку своите политики и постапки Друштвото настојува да воспостави конзистентност во квалитетот на извршување на ангажманот.

ѓ. Целта на следењето на усогласеноста на политиките и постапките за контрола на квалитетот треба да обезбеди оценка: на усогласеноста со професионалните стандарди и законските и регулаторни барања, дали системот на контрола на квалитетот бил соодветно дизајниран и ефективно имплементиран, дали политиките и постапките биле соодветно применети за да извештаите бидат соодветни на околностите.

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународните Стандарди за Ревизија, друштвото доследно се придржува во својата работа кон донесените политики за контрола на квалитет, заради ефективно извршување на поставените задачи од страна на вработените во друштвото.

Изјавата за ефективност на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет е дадена во Прилог 1 кон овој Извештај.

**5. ДАТУМОТ КОГА Е ИЗВРШЕНА ПОСЛЕДНАТА ПРОВЕРКА ЗА УВЕРУВАЊЕ ВО КВАЛИТЕТОТ НА РЕВИЗОРОТ СОГЛАСНО СО ЧЛЕН 20 ОД ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА**

Последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со член 20 од Законот за ревизија од страна на ИОРРМ е извршена во Ноември 2022, за ревизии кои се вршени на финансиските извештаи за годината што завршува на 31.12.2021 година, за што е издаден конечен извештај во Јануари 2023 година.

**6. СУБЈЕКТИ НА КОИ Е ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА**

Друштвото за ревизија ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО Радовиш во текот на 2023 година има извршено законска и договорна ревизија согласно Законот за ревизија кај следните деловни субјекти:

**ЗАКОНСКА РЕВИЗИЈА**

1. АКТИВА ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Штип
2. АЛПИН-КОМ ДОО Делчево
3. В и Е ДООЕЛ Штип
4. ВАБО ДООЕЛ Штип
5. ВЕНЕЦ АД с. Долни Дисан, Неготино
6. ГАМА ГРАДБА ДООЕЛ с. Батинци, Скопје
7. ГРДОВЈАНКА ДОО Штип
8. ГРОЗД АД Струмица
9. Д & А СТАВРЕВ ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Штип
10. ДАДИ КОМПАНИ ДООЕЛ с. Јакимово, Виница
11. ДАДИ ОИЛ ДООЕЛ с. Јакимово, Виница
12. ДИК ФАГУС ДООЕЛ Пехчево
13. ЕАМ ДОО Штип
14. ЕУРОМАК БРОКЕР АД Скопје
15. ЗМАЈ-ПРОМЕТ ДОО Штип
16. ЈКП КОМУНАЛЕЦ Гевгелија
17. ЈОФАТЕКС ДООЕЛ Штип
18. ЈП ИСАР Штип
19. ЈП КОЛЕКТОРСКИ СИТЕМ Скопје
20. ЈП ПЛАВАЈА Радовиш
21. КВЕНБЕРГЕР ЛОГИСТИК МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Штип
22. КИМ ДООЕЛ Неготино
23. КИРБИЈИК ХОЛДИНГ ДООЕЛ Штип
24. ЛИНЕА ПРИМА ДООЕЛ Штип
25. МАКТРИКС ДОО Охрид
26. МИЛКУЗ ДООЕЛ с.Белчишта, Охрид
27. МК БРИТЕКС ДООЕЛ Штип
28. МОНД ДООЕЛ Штип
29. НАХОС КАНАБИС МЕДИЦИНА ДОО Струмица
30. НОВТРЕНД ДООЕЛ Штип
31. ОРАНЖЕРИИ-ДОБРА ДОО Кочани
32. ПЕКОМ ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ Штип
33. ПРИНЦЕЗИ ДООЕЛ Штип

34. СМАРТ СЕЈФТИ СОЛУШН ДООЕЛ Скопје
35. СОРО ПРОМЕТ ДОО с.Лениште, Прилеп
36. СТЕЛ ИМПЕКС ДООЕЛ Штип
37. СТРУМИЧКО ПОЛЕ АД Василево
38. ТУРТЕЛ АД Штип
39. ФАМ МОДЕ ДООЕЛ Штип
40. ФД КРЕДО КАРД ДОО Скопје
41. ЦРВЕНА РУЖА ДОО Струмица

**ДОГОВОРНА РЕВИЗИЈА**

1. ЕКО АГРАР ДОО с. Иванковци, Велес

## 7. ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНОТО РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА СО КОЈА СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА ПОСТОЈАТ ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НЕЗАВИСНОСТА И ДЕКА ИСТИТЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ

Изјавата со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на Друштвото ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО Радовиш е дадена во прилог 2 кон овој Извештај.

## 8. ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ВО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

Изјавата за политиката што ја следи Друштвото за ревизија ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО Радовиш за континуирана едукација на овластените ревизори е дадена во Прилог 3 кон овој Извештај.

## 9. ФИНАНСИСКА ИНФОРМАЦИЈА

Друштвото за ревизија ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО Радовиш врши услуги за: ревизија, вештачења, изработка на деловни планови, инвестициони програми и физибилити студии, подготвува апликации за програмата за рурален развој и ИПАРД програмата, организира и одржува семинари - обуки и предавања за актуелни економски теми при водење на мали бизниси, и др.. Во 2023 година има остварено вкупен приход во износ од 4.692 илјади денари расчленет по следните видови приходи:

Во 000 денари

| | **2023** | | **2022** | |
|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **Учество** | **Износ** | **Учество** |
| **Вкупен приход на друштвото** | **4.692** | **100,00%** | **4.277** | **100,00%** |
| Поделба на приходот по видови на услуги | | | | |
| - услуги на ревизија | 4.544 | 96,85% | 4.114 | 96,19% |
| - законска ревизија | 4.482 | 95,53% | 3.731 | 87,23% |
| - договорна ревизија | 62 | 1,32% | 383 | 8,96% |
| - дополнителни услуги на уверување во квалитет | / | / | / | / |
| - даночни советодавни услуги | / | / | / | / |
| - други неревизорски услуги | 148 | 3,15% | 163 | 3,81% |

## 10. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОСНОВАТА ПО КОЈА СЕ УТВРДУВА ХОНОРАРОТ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР

Основата по која се утврдува надоместокот за извршената услуга од страна на овластениот ревизор се уредува во интерните акти донесени од страна на Друштвото. Хонорарот се утврдува врз основа на големината на субјектот чии што финансиски извештаи се предмет на ревизија, планираните работни часови за извршување на ангажманот и потребниот број на извршители во тимот. Хонорарот се зголемува за дополнителните трошоци поврзани со самиот ангажман.

Хонорарот на овластените ревизори се утврдени по следните основи:

- Овластените ревизори примаат фиксна бруто плата во текот на целата година, согласно договорот за работа;
- Овластените ревизори кои се капитални партнери во Друштвото, добиваат дивиденда, согласно учеството на секој од партнерите во капиталот на Друштвото.

Радовиш, 31.03.2024 год.

ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО
Проф. д-р Јанка Димитрова - Управител, овластен ревизор

**Прилог 1**

**Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународните Стандарди за Ревизија, Друштвото ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО Радовиш доследно се придржува во својата работа кон донесените политики за контрола на квалитет, заради ефективно извршување на поставените задачи од страна на вработените во Друштвото.

Радовиш, 31.03.2024 год.

ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО
Проф. д-р Јанка Димитрова - Управител, овластен ревизор

**Прилог 2**

**Изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на друштвото**

Друштвото за ревизија ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО Радовиш има усвоено политика на независност со цел да се овозможи сите партнери и вработени во Друштвото да бидат објективни и независни од сите клиенти и нивните поврзани субјекти. Во друштвото се воспоставени следните интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста:

- Управителот на друштвото е задолжен да ја утврдува независноста на друштвото во однос на клиентите, со цел да се спречат било какви ограничувања кои може да се сметаат како нарушување на независност, што го потврдува со давање на писмена изјава во период пред започнување на сезоната на активности.

- Управителот на друштвото е одговорен за одржување на листи на клиенти на друштвото, кои се достапни до сите партнери и вработени, при што сите партнери и сите вработени (вклучувајќи ги и новите вработени) ја утврдуваат својата независност по пат на давање на писмена изјава во однос на листата на клиенти на друштвото во период пред започнување на сезоната на активности.

Радовиш 31.03.2024 год.

ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО
Проф. д-р Јанка Димитрова - Управител, овластен ревизор

**Прилог 3**

**Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуирана едукација на овластените ревизори**

Управителот на друштвото за ревизија ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО Радовиш, изјавува, дека согласно Законот за ревизија и донесените политики на друштвото во текот на 2023 година, овластените ревизори посетуваа обука од најмалку 40 часа годишно во рамките на професионалното континуирано усовршување од областа на сметководството и ревизијата, организирана од страна на Институтот за овластени ревизори.

Друштвото им овозможува на ревизорите и на асистентите ревизори да посетуваат семинари и курсеви за обука од областа на сметководството и ревизијата, исто така им овозможува интерно организирани семинари и курсеви за обука и им обезбедува стручна литература од областа на ревизијата и финансиите.

Радовиш, 31.03.2024 год.

ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО
Проф. д-р Јанка Димитрова -Управител, овластен ревизор